# СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

## ЗА ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА

Пред нас е еден краток текст на раната христијанска Црква во однос на воспитувањето на децата, тема којашто ќе биде актуелна и интересна додека е светот и векот. Можеби некој ќе рече дека условите на живеење денес се многу различни од првите векови по Христа, дека современото општество се наметнува со своите прашања и предизвици на коишто им е потребен и соодветен одговор, во сите сфери од животот, како и во педагогијата, што сигурно дека е точно.
Но, она што е ненадминливо и секогаш одново применливо во кои било околности, окружувања и начини на човеково постоење, е мудроста на светоотечката православна теологија којашто ја спасува личноста на човекот хранејќи ја со нераспадлива храна, Самиот Христос.
Уживајте во Златоустовото слово...

1.
Раѓањето на децата е дело на природата, но образованието и воспитанието се дело на умот и волјата.

2.
Под воспитување на децата подразбирам не само грижа децата да не умрат од глад, на што се чини дека луѓето ги ограничуваат своите обврски кон децата. За овој вид грижа не се потребни ниту книги, ниту закони. За тоа многу јасно зборува самата природа. Јас зборувам за грижата душите на децата да се образуваат во добродетели и побожност, што е свештен долг, којшто не може да се прекрши а да не се направи извесен вид на детеубиство.

3.
Таа обврска е заедничка како за татковците така и за мајките. Има татковци коишто не штедат да им обезбедат на своите деца учители за разонода, задоволувајќи ги нивните желби како на богати наследници, додека воопшто не се грижат нивните децат да бидат христијани и да напредуваат во вистинска побожност. Колку грешно слепило! Токму на ваквото грубо невнимание и треба да му се припишат сите неуредности од коишто страда општеството. Да претпоставиме дека вие сте спечалиле за нив голем имот, но, ако децата не умеат мудро да се однесуваат за кратко време ќе го потрошат. Имотот ќе пропадне заедно со своите сопственици и за нив тоа ќе биде најтажното наследство.

4.
Вашите деца ќе бидат секогаш доволно богати ако од вас добијат добро воспитание, коешто ќе го припитоми нивниот темперамент и ќе му даде насока на нивното однесување. Заради тоа грижете се не да ги направите богати, туку да ги направите побожни, господари на своите страсти, богати со добродетели. Учете ги да не посакуваат непотребни работи и богатствата на овој свет да ги ценат толку колку што им е вредноста. Внимателно следете ги нивните постапки, нивното друштво, врските и не очекувајте од Бога никаква милост, ако не ја исполнувате оваа должност.

5.
Ако Апостолот заповеда да се грижиме за другите повеќе отколку за себеси и ако стануваме виновни кога не се грижиме за нивната корист, нема ли да бидеме уште повеќе виновни тогаш кога тоа се однесува на оние кои ни се најблиски? *Нели ви дадов*, ќе рече Господ, *место во вашето семејство*? *Нели ги доверив на вашата грижа назначувајќи ве за нивни господари, старатели и судии? Јас ви дадов целосна власт над нив. Ви ја доверив севкупната грижа за нивното воспитание.* Вие ќе ми речете дека децата не сакале да се приклонат под јаремот и дека го отфрлиле. Но точно тоа и беше потребно како предупредување на почетокот. Вие моравте да завладеете со нивните постапки, да ставите узда кога тие уште немаа сила да ја раскинат, да ја фатите таа млада душа во јаремот на должноста и да ја научите на него, да ја обликувате според должностите, да ја превиткувате раната штом се отвори, да го откорнете трњето кога тоа ќе почне да обраснува околу нежната билка, а не да чекате тоа да пушти длабоки корени, и страстите, зајакнувајќи со постепениот развој да станат неконтролирани и нескротливи.

6.
Премудриот Исус, синот Сирахов, вели: „Ако имаш деца, воспитај ги и од детството стави го во јарем вратот нивен“ (Премудрост 7, 25). Но, Господ ни ја дава таа заповед низ устата на Својот пророк, заканувајќи им се на децата непокорни на власта на своите родители: „Кој лошо ќе му пререче на својот татко или на мајката своја да се погуби“ (Мојсеј 3; 20, 9). Тој со смрт ги казнува оние коишто вам ќе ви згрешат, а вие ладнокрвно гледате на оние грешки коишто тие ги прават против највисоката власт. Тие се креваат против Самиот Бог, прекршувајќи ги Неговите заповеди, а вие на тоа гледате дури и без најмал прекор. А што може да загуби Господ од нивните навреди? Ништо. Но вие губите. И како да не се плашите за себе самите? Оти оној што ќе го остави Господа, тој нема да го почитува ниту родителот ни самиот себеси.

7.
Децата покорни и верни на Бога во послушноста на Неговиот закон наоѓаат изобилен источник на среќа, дури и овдешна, земска. Сиромашниот човек со христијански морал е почитуван и сакан од луѓето што го опкружуваат, додека човекот со лошо и развратно срце, и покрај сето негово богатство, нема да се спаси од негодувањето и одбивноста на луѓето кон него.

8.
Младиот човек, на кого вие ќе му овозможите добро воспитание, ќе ви стане мил, не заради тоа што ќе стекне општо почитување, туку затоа што на вас самите ќе ви биде мил. Вашата приврзаност за него нема да биде само проста наклонетост, туку ќе биде плод на неговите добродетели. Затоа во староста вие ќе ги уживате сите поволности на неговата синовска љубов. Тој ќе биде вашата потпора. Според тоа, како што оние коишто не го почитуваат Господ ги презираат и своите родители, така, наспроти тоа, оние што Го почитуваат Бога, Таткото на сите луѓе секогаш и на сите начини ќе ги почитуваат оние од кои го добиле животот.



ЗА
ВОСПИТУВАЊЕТО
НА ДЕЦАТА